**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-396/8**

**Скопје, 03.07.2007 година**

## До
## Основен суд Битола – Битола

### КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Битола - Битола депозитна сметка (во понатамошниот текст Основен суд) за 2006 година кои се прикажани на страните од 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Основниот суд за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - М-р Стефан Караманди - Претседател на Основен суд Битола до 04.12.2006 година,
   - Слободанка Баковска - В.Д. Претседател на Основен суд Битола од 05.12.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 17.05.2007 година до 18.05.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***10.1. Неправилна примена на акти:***

10.1.1. Во делот на материјално финансиското работење со вонбуџетските средства како привремен и редовен депозит на депозитната сметка (лицитација и вешташења во извршни, вонпарнични и стечајни постапки), ревизијата утврди дека на истата има прилив 59.702 илјади денари, одлив 30.246 илјади денари и салдо од 29.456 илјади денари, што претставува состојба на средствата на депозитите на крајот на годината.

Со ревизијата се утврди дека не е формирана комисија, не е извршен преглед на целокупното работење со средствата на депозитите, не се изготвува преглед на судските депозити и преглед на изречените и наплатените парични казни, трошоци на постапката и пленувањето имотна корист како прилог на завршната сметка на судот спротивно на членот 338 од Судскиот деловник, поради непримена на законската регулатива. Претходното има влијание на увид врз целокупното работење со средствата на депозитите.

**Препорака:**

По годишното заклучување на работните книги за евиденција на депозитите и изработка на "Биланс на средствата на депозитите", да се формира Комисија за преглед на севкупното работење на средствата за депозитите, која ќе ја определи Претседателот на судот, а изработката на Прегледот на судските депозити да е состевен дел на завршната сметка.

10.2. ***Неправилна примена на сметководствени политики и начела;***

10.1.2. Други неданочни приходи се помалку искажани а со тоа и вишокот на приходи за пренос во наредната година за вкупен износ од 29.456 илјади денари, поради не евидентирање на приливи како приходи по основ на депозити за лицитација и вешташења во извршни, вонпарнични и стечајни постапки, што е спротивно на Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници. Претходното има влијание за помалку искажани приходи а со тоа и нереални финансиски извештаи за 2006 година.

**Препорака:**

Приливите остварени по основ на депозити за лицитација и вешташења во извршни, вонпарнични и стечајни постапки да се евидентираат во сметководствената евиденција како приход согласно Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници.

11. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 10.1 и 10.2 финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Основен суд Битола – депозитна сметка и тоа резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.1 и 10.2 кај Основен суд Битола - депозитна сметка остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Скопје, 01.07.2007 година** **Овластен државен ревизор**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311* ----------------------------

**Основен суд Битола-Депозитна сметка**
**Средства од судски буџет**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 30,246 | 15,895 |
| **Вкупно приходи** | **30,246** | **15,895** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Субвенции и трансфери | 30,246 | 15,895 |
| **Вкупно тековни расходи** | **30,246** | **15,895** |
| **Вкупно расходи** | **30,246** | **15,895** |

**Основен суд Битола-Депозитна сметка**
**Средства од судски буџет**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 29,455 | 1,112 |
| **Вкупно тековни средства** | **29,455** | **1,112** |
| **Вкупна актива** | **29,455** | **1,112** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 29,455 | 1,112 |
| **Вкупно тековни обврски** | **29,455** | **1,112** |
| **Вкупна пасива** | **29,455** | **1,112** |